Јавно претпријатие за водоснабдување
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 01-1103/1
14.07 20 20 год./vit.
Кичево-Kërçovë

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR FURNIZIM ME UJË
СТУДЕНЧИЦА
STUDENÇICA
Булевар Ослободување 60А/I-1, П.Фах 23, 6250 Кичево
Bulevardi i Çlirimit 60A / 1-1 P.fax 23, 6250 Kërçovë
Тел/Tel: 045/220-121
www.studencica.com.mk e-mail: jpstudencica@yahoo.com

# *ИНФОРМАЦИЈА*

## *за финансиското работење на ЈП за водоснабдување Студенчица-Кичево за ВТОРИОТ КВАРТАЛ (01.04- 30.06.2020 година )*

Врз основа на параметрите за планираните приходи и расходи дефинирани и предвидени во Финансискиот план за 2020 година, како и нивното остварување за периодот од 01.04.2020 година заклучно со 30.06.2020 година (втор квартален период 2020 година) добиени се следните состојби:

## ПРИХОДИ

Во Програмата за работа и финансискиот план за 2020 година се предвидени и се очекува да бидат остварени четири вида на приходи и тоа:

1.Приходи од продажба на вода,
2.Приходи од продажба на електрична енергија, произведена од МХЕ Добреноец,
3.Приходи по основ на камати од депозити,
4.Приходи од поранешни години (наплатени побарувања по спогодби со ЈКП).

Во вториот квартал од деловната 2020 година се реализирани следните приходи :

- Приходи од продажба на вода во износ од 11.911.710,00 денари кои во однос на вкупно планираните за вториот квартал (11.851.153,00) се реализирани со 100,51%.
- Приходи од продажба на електрична енергија произведена од МХЕ Добреноец во износ од 4.510.262,00 денари и истите во однос на вкупно планираните за соодветниот период (5.487.312,00) се реализирани со 82,19%.
- Приходи по основ на камати од орочени средства на краток рок се реализирани во износ од 260.657,00 денари, кои во однос на вкупно планираните за вториот квартал (179.507,00) се реализирани со 145,21%.
- Приходи од поранешни години (наплатени отпишани побарувања) се реализирани во износ од 28.554,00 денари и истите во однос на планираните за содветниот период (254.856,00) се реализирани со 11,20%.

Во овој период во ЈП вкупно реализираните приходи по основ на испорака на вода кон ЈКП Корисници во однос на планираните се реализирани со **94,39%**, додека пак приходите реализирани од продажба на вода кон **РЕК Осломеј - Кичево** се реализирани со 123,15% во однос на планираните за овој период, каде што Рек Осломеј е во погон поголем дел од овој период.

Во однос на вкупно планираните приходи по основ на испорака на вода кон ЈКП Корисниците и Рек Осломеј, во овој квартален период ЈП реализира 100,51%.

Во овој втор квартален период, покрај приходите од испорака на вода, во значителен износ се реализирани приходи од продажба на електрична енергија од МХЕ Добреноец, во вкупен износ од 4.510.262,00 денари, кои се реализирани со 82,19% од планираните.

Во овој втор квартален период повторно се реализирани приходи од минати години - по основ наплата на отпишани побарувања од склучени Спогодби со ЈКП Корисниците, со кои се регулира начинот, условите како и роковите за наплата на старите и тековни побарувања. Тие во однос на планираните се исполнети со **11,20%** за овој период.

Приходи остварени по основ на камати од депонирани средства во банки на краток рок се остварени во износ од 260.657,00 денари и истите во однос на планираните се реализирани со 145,21%.

**Вкупно реализираниот приход** во вториот квартал од 2020 година изнесува **16.745.549,00** денари и во однос на вкупно планираниот (17.772.828,00) е реализиран со 94,22% **.**

## ТРОШОЦИ

**Реализираните поединечни трошоци** за наведениот втор квартален период за 2020 година е представен во вид на табеларен преглед кој е составен дел на овој извештај.

Анализата на нивната реализација по структура и споредба со различни периоди како и во однос на планираното не покажува значителни отстапувања кај расходните позиции во однос на планираната идеалната четвртина.

Реализирани трошоци по поединечни ставки во наведениот квартал кои се под реализација од 100% се следните: Потрошена енергија за МХЕ Добреноец со 18,57%, Потрошени резервни делови со 96,53%, Комунални услуги со 27,60%, Останати услуги со 94,13%, Амортизација по минимални стапки со 95,92%, Трошоци за надомест и други примања на УО и НО со

26,34%, Трошоци за репрезентација со 28,98%, Премии за осигурување со 27,63%, Банкарски услуги и трошоци на платен промет со 54,56%, Трошоци за надоместок за користење вода од МХЕ Добреноец со 94,96% и Надоместок од 0,049% МХЕ од приходот кон РКЕ со 91,08%.

Отстапувањата во однос на идеално планираната граница за реализација на одредени трошоци и нивно зголемување е регистрирано на следните расходни позиции по ставки како што се: Потрошени суровини и материјали со 119,80%, Трошоци за материјали (админ.управа и прод.) со 103,13%, Потрошена енергија со 158,69%, Отпис на ситен инвентар со 133,02%, Поштенски, телефонски услуги и интернет со 116,55%, Вкалкулирани плати со 106,58%, Премии за осигурување со 100,69%, Даноци кои не зависат од резултатот, Членарини и др.трошоци со 187,81% и Останати трошоци од работењето со 132,63 %. Овие отстапувања се последица на еднократни издатоци кои настануваат во овој период, а се планираат на годишно ниво.

**За наведениот втор квартал од деловната 2020 година, вкупно реализираните трошоци изнесуваат 20.038.139,00 денари, а во однос на планираните (14.075.740,25) истите се реализирани со 142,36%.**

## ДОБИВКА - ЗАГУБА

Со разликата помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи за наведениот квартален период за 2020 година, ЈП во своето работење оствари негативен финансиски резултат од 3.292.590,00 денари.

Вкупните побарувања заклучно со крајот на наведениот период за 2020 година, изнесуваат 153.738.391,50 денари, од кои поголем дел се побарувања од купувачи по основ продажба на вода и изнесуваат 83.607.353,50 денари и се зголемени за 4,39% во однос на истиот период 2019 година.

ЈП во овој период има и краткорочни побарувања за дадени депозити во Банки, со период на орочување до 6(шест) месеци за 40.000.000,00 денари и 30.000.000,00 денари за период на орочување до 1(една) година.

Вкупните неизмирени обврски заклучно со крајот на наведенот период изнесуваат 843.344,00 денари и тоа: Обврски кон добавувачи со 139.844,00 денари , Обврски за даноци и придонеси од плати со 5.038,00 денари, Обврски по основ на персонален данок со 4.560,00 денари, Останати обврски спрема вработените со 81.432,00 денари, Обврски за данок на додадена вредност со 571.471,00 денари и Обврски за надоместок за УО и НО со 40.999,00 денари. Обврските за даноци се подмируваат на почетокот на наредниот месец, во рок, како и обврските кон добавувачи.

За второт квартал од 2020 година со разликата помеѓу вкупниот приход кој изнесува 16.745.549,00 денари и вкупниот расход во износ 20.038.139,00 денари ЈП оствари загуба во износ од 3.292.590,00 денари.

Остварениот финансиски резултат од работењето на ЈП заклучно со 30.06.2020 година е последица на превземените активности на ЈП согласно новонастанатата ситуација во тој период и во согласност со Заклучокот 6 по 59 - та точка од 32- та Седница на Владата, одржана на 01.04.2020 година, а исто така и по препорака на Владата од 09.06.2020 година со бр.44-4125/1 за мегусебен договор на ЈП со ЈКП каде согласно препораката е извршен отпис на побарувања во износ од 6.210.842,00 денари на обврските од 2019 и 2020 година на ЈКП, и одлагање долг од Спогодбите со ЈКП до 31.12.2020 година.

Со почит,

Кичево,
14.07.2020 година

**Директор/Drejtor**
Urim Ahmedi jurist I diplomuar

Изготвил: Катерина Станкоска

Одобрил: Александар Петрески дипл.ек

| ТРОМЕСЕЧЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО 01.04.2019 - 30.06.2020 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр | ОПИС | План 2020 | Остварено 2019 | Остварено 2020 | Структурна анализа 2020 | Споредбена анализа (остварено 2020/ план 2020) | Споредбена анализа (остварено 2020/остварено 2019) | Образложение/ Забелешка |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | *ВКУПНИ ПРИХОДИ* | *17,772,828.00* | *17,538,607.00* | *16,745,549.00* | 100.00 | 94.22 | 95.48 | |
| 1.1 | Приходи од продажба на пр.стоки, усл.на домаш.пазар | 17,338,465.00 | 16,846,627.00 | 16,421,972.00 | 98.07 | 94.71 | 97.48 | |
| 1.1.1 | Приходи од продажба на вода на корисници | 11,851,153.00 | 12,218,688.00 | 11,911,710.00 | 71.13 | 100.51 | 97.49 | |
| 1.1.1.1 | ЈКП Корисници | 9,328,930.00 | 9,268,865.00 | 8,805,473.00 | 52.58 | 94.39 | 95.00 | |
| 1.1.1.2 | РЕК Осломеј | 2,522,223.00 | 2,949,823.00 | 3,106,237.00 | 18.55 | 123.15 | 105.30 | |
| 1.1.2 | Продажба на струја од МХЕ Добреноец | 5,487,312.00 | 4,627,939.00 | 4,510,262.00 | 27.46 | 82.19 | 97.46 | |
| 1.2 | Приходи по основ.на камати,курс.раз.неповр.субјекти | 179,507.00 | 186,346.00 | 260,657.00 | 1.56 | 145.21 | 139.88 | |
| 1.3 | Останати приходи од работењето,од вработени напл.казн | 0.00 | 16,911.00 | 34,366.00 | 0.21 | / | 203.22 | |
| 1.4 | Приходи останати од работењето- тендерски документац | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | #ДИВ/0! | |
| 1.5 | Приходи од нап. на отпишани побарувања Спогодби | 254,856.00 | 488,723.00 | 28,554.00 | 0.17 | 11.20 | 5.84 | |
| 2 | *ВКУПНИ РАСХОДИ* | *14,075,740.25* | *13,617,093.00* | *20,038,139.00* | 100.00 | 142.36 | 147.15 | |
| 2.1 | Потрошени суровини и материјали | 7,440.00 | 11,820.00 | 8,913.00 | 0.04 | 119.80 | 75.41 | |
| 2.2 | Трошоци за материјали (админ.управа и прод.) | 78,344.00 | 36,850.00 | 80,796.00 | 0.40 | 103.13 | 219.26 | |
| 2.3 | Потрошена енергија | 124,948.00 | 365,884.00 | 198,285.00 | 0.99 | 158.69 | 54.19 | |
| 2.3.1 | Потрошена енергија за МХЕ Добреноец | 18,010.00 | 8,463.00 | 3,345.00 | 0.02 | 18.57 | 39.52 | |
| 2.4 | Потрошени резервни делови | 127,267.00 | 151,135.00 | 122,846.00 | 0.61 | 96.53 | 81.28 | |
| 2.5 | Отпис на ситен инвентар | 41,010.00 | 94,578.00 | 54,553.00 | 0.27 | 133.02 | 57.68 | |
| 2.6 | Транспортни услуги | 0.00 | 0.00 | 6,331.00 | 0.03 | / | #ДИВ/0! | |
| 2.7 | Поштенски, телефонски услуги и интернет | 100,315.00 | 121,201.00 | 116,919.00 | 0.58 | 116.55 | 96.47 | |
| 2.8 | Услуги за одржување и заштита | 0.00 | 38,768.00 | 76,769.00 | 0.38 | #ДИВ/0! | 198.02 | |
| 2.8.1 | Услуги за одржување и заштита на МХЕ Добреноец | 66,436.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | |
| 2.9 | Комунални услуги | 12,500.00 | 3,450.00 | 3,450.00 | 0.02 | 27.60 | 100.00 | |
| 2.10 | Трошоци за реклама,пропаганда,промоција | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | | #ДИВ/0! | |
| 2.10 | Останати услуги | 65,808.00 | 59,047.00 | 61,946.00 | 0.31 | 94.13 | 104.91 | |
| 2.10.1 | Останати услуги , преглед технички на МХЕ Добреноец | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | #ДИВ/0! | / | |
| 2.11 | Вкалкулирани плати | 7,443,334.00 | 6,947,344.00 | 7,933,082.00 | 39.59 | 106.58 | 114.19 | |
| 2.12 | Амортизација по минимални стапки | 4,588,389.00 | 4,386,164.00 | 4,401,187.00 | 21.96 | 95.92 | 100.34 | |
| 2.12.1 | Амортизација по минимални стапки на МХЕ Добреноец | 293,940.25 | 293,940.00 | 293,940.00 | 1.47 | 100.00 | 100.00 | |
| 2.13 | Расходи од отпис на побарувања | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| 2.14 | Надом.за трош.на враб.подароци и помош | 0.00 | 19,584.00 | 0.00 | 0.00 | #ДИВ/0! | 0.00 | |
| 2.15 | Дневници за службени патувања и патни трошоци | 7,380.00 | 66,047.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | |
| 2.16 | Трошоци за над.и др. примања на член.на управ.и надз.од | 341,667.00 | 470,478.00 | 89,988.00 | 0.45 | 26.34 | 19.13 | |
| 2.17 | Трошоци за репрезентација | 75,000.00 | 142,310.00 | 21,736.00 | 0.11 | 28.98 | 15.27 | |
| 2.18 | Премии за осигурување | 14,150.00 | 11,203.00 | 14,248.00 | 0.07 | 100.69 | 127.18 | |
| 2.18.1 | Премии за осигурување на МХЕ Добреноец објекти и опр | 500,000.00 | 137,152.00 | 138,154.00 | 0.69 | 27.63 | 100.73 | |
| 2.19 | Банкарски услуги и трош.на платен промет | 22,520.00 | 16,783.00 | 12,286.00 | 0.06 | 54.56 | 73.21 | |
| 2.20 | Расходи од отпис на побарувања | 0.00 | 0.00 | 6,210,842.00 | 31.00 | #ДИВ/0! | #ДИВ/0! | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.21 | Даноци кои не зависат од резултатот, Членарини и др.тр. | **13,650.00** | 32,038.00 | 25,636.00 | 0.13 | 187.81 | 80.02 | |
| 2.22 | Останати трошоци од работењето | **98,632.00** | 172,355.00 | 130,816.00 | 0.65 | 132.63 | 75.90 | |
| 2.22.1 | Трошоци за надоместок за користење вода од МХЕ Добр | **5,000.00** | 3,863.00 | 4,748.00 | 0.02 | 94.96 | 122.91 | |
| 2.22.2 | Надом.од 0.049%МХЕ од приходот кон РКЕ | **30,000.00** | 20,901.00 | 27,323.00 | 0.14 | 91.08 | 130.73 | 2 |
| 2.23 | Останати расходи од работењето | **0.00** | 950.00 | 0.00 | 0.00 | / | 0.00 | |
| 2.24 | Затезни камати | **0.00** | 4,785.00 | 0.00 | 0.00 | / | 0.00 | |
| 2.25 | Курсни разлики-дневници службен пат | **0.00** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | #ДИВ/0! | |
| ***3*** | ***ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*** | ***3,697,087.75*** | ***3,921,514.00*** | ***-3,292,590.00*** | | | | |

| Р. бр | ОПИС | План 2020 | Остварено 2019 | Остварено 2020 | Структурна анализа 2020 | Споредбена анализа (остварено 2020/план 2020) | Споредбена анализа ( остварено 2020/остварено 2019) | Образложение/ Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***4*** | ***ВКУПНИ НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА*** | **0** | ***120,203,969.50*** | ***153,738,391.50*** | 100.00 | **/** | **127.90** | |
| 4.1 | Купувачи во земјата | **0** | 80,093,826.50 | 83,607,353.50 | 54.38 | / | 104.39 | |
| 4.2 | Останати побарувања од работењето | **0** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| 4.3 | Побарувања од дадени кредити,Депозити | **0** | 40,000,000.00 | 70,000,000.00 | 45.53 | / | 175.00 | |
| 4.4 | Побарувања од повеќе платен ДДВ | **0** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | #ДИВ/0! | |
| 4.5 | Побарување од повеќе платен данок на добивка | **0** | | 122,595.00 | 0.08 | / | / | |
| 4.6 | Побарувања од вработени | **0** | 110,143.00 | 8,443.00 | 0.01 | / | 7.67 | |
| ***5*** | ***ВКУПНИ НЕНАПЛАТЕНИ ОБВРСКИ*** | **0** | ***920,104.00*** | ***843,344.00*** | 100.00 | **/** | **91.66** | |
| 5.1 | Обврски спрема добавувачи | **0** | 139,644.00 | 139,844.00 | 16.58 | / | 100.14 | |
| 5.2 | Обврски за данок на додадена вредност | **0** | 623,407.00 | 571,471.00 | 67.76 | / | 91.67 | |
| 5.3 | Обврски по осн. на персонален данок | **0** | 15,110.00 | 4,560.00 | 0.54 | / | 30.18 | |
| 5.4 | Обврски за данок од добивка | **0** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| 5.5 | Обврски за нето плати | **0** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| 5.6 | Останати обврски спрема вработени | | 900.00 | 81,432.00 | 9.66 | | 9,048.00 | |
| 5.6 | Обврски за даноци и придонеси од плати | **0** | 5,038.00 | 5,038.00 | 0.60 | / | 100.00 | |
| 5.7 | Обврски останати краткорочни-од плати,УО и др. | **0** | 136,005.00 | 40,999.00 | 4.86 | / | 30.15 | |
| ***6*** | ***СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКА*** | **0** | ***39,498,334.00*** | ***11,915,513.00*** | 100.00 | **/** | **30.17** | |
| 6.1 | жиро сметка | **0** | 39,498,334.00 | 11,915,513.00 | 100.00 | / | 30.17 | |
| 6.2 | | **0** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| ***7*** | ***ВКУПЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ*** | **0** | ***51.00*** | ***56.00*** | 100.00 | **/** | 109.80 | |
| 7.1 | Број на лица вработени на неопределено време | **0** | 51.00 | 56.00 | 100.00 | / | 109.80 | |
| 7.2 | Број на лица вработени на определено време | **0** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| 7.3 | Број на привремено вработени лица -Агенција | **0** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | #ДИВ/0! | |
| ***8*** | ***ИЗНОС НА ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА БРУТО I*** | **0** | ***45,407.48*** | ***47,220.73*** | 100.00 | **/** | **103.99** | |
| 8.1 | | **0** | 45,407.48 | 47,220.73 | 100.00 | / | 103.99 | |

Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studenciça
Бр./Nr. 02-1115/1-1
20.07. 2020 год./vit.
Кичево - Kerçove

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19), Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево, по разгледување и увид во сметководствената документација за материјално финансиското работење на ЈП во вториот квартал на 2020 година, на седницата одржана на 20.07.2020 година, состави

# И З В Е Ш Т А Ј

за материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица" Кичево за вториот квартал во 2020 година

1.Во вториот квартал (01.04.-30.06.) на деловната 2020 година, искажаните финансиски показатели се резултат на настанатите деловни промени во работењето на ЈП во овој квартал на годината, утврдени во финансиските извештаи, со увидот во истите и Инфомацијата бр.01-1103/1 од 14.07.2020 година на Директорот на јавното претпријатие и табеларен преглед на вкупни приходи и рекапитулар на трошоци.

2.Инфомацијата бр. 01-1103/1 од 14.07.2020 година на Директорот на ЈП, за финансиското работење на ЈП за вториот квартал (01.04.-30.06.) во деловната 2020 година, со табеларен преглед на вкупни приходи и рекапитулар на трошоци, со рекапитулар, за вториот квартал на 2020 година, објективно и реално ја искажува материјално финансиската состојба и работење на ЈП.

3.Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење утврди дека во јавното претпријатие книговодствена евиденција се води комјутерски, ажурно и согласно позитивните прописи и усвоените сметководствени политики.

4.Во вториот квартал (01.04.-30.06) 2020 година остварен е:

Вкупно приход ______________________ 16.745.549,00 денари

Вкупно расход ______________________ 20.038.139,00 денари

Загуба во работењето 3.292.590,00 денари

5.Вкупните остварените приходи во вториот квартал за 2020 година изнесува 16.745.549,00 денари и во однос на планираните (17.772.828,00 денари) во Финансискиот план, се реализирани со 94,228%.

Во вториот квартал од деловната 2020 година се реализирани следните приходи :

- Приходи од продажба на вода во износ од 11.911.710,00 денари кои во однос на вкупно планираните за вториот квартал (11.851.153,00) се реализирани со 100,51%.
- Приходи од продажба на електрична енергија произведена од МХЕ Добреноец во износ од 4.510.262,00 денари и истите во однос на вкупно планираните за соодветниот период (5.487.312,00) се реализирани со 82,19%.

- Приходи по основ на камати од орочени средства на краток рок се реализирани во износ од 260.657,00 денари, кои во однос на вкупно планираните за првиот квартал (179.507,00) се реализирани со 145,21%.
- Приходи од поранешни години (наплатени отпишани побарувања) се реализирани во износ од 28.554,00 денари и истите во однос на планираните за содветниот период (254.856,00) се реализирани со11,20%.

6.Во вториот квартал од деловната 2020 година, вкупните расходи изнесуваат 20.038.139,00 денари и во однос на планираните (14.075.740,25) истите се реализирани со 142,36%.

Релизирани трошоци по поединечни ставки во наведениот квартал кои се под реализација од 100% се следните:

- Потрошена енергија за МХЕ Добреноец со 18,57%,
- Потрошени резервни делови со 96,53%,
- Комунални услуги со 27,60%,
- Останати услуги со 94,13%,
- Амортизација по минимални стапки со 95,92%,
- Трошоци за надомест и други примања на УО и НО со 26,34%,
- Трошоци за репрезентација со 28,98%,
- Премии за осигурување со 27,63%,
- Банкарски услуги и трошоци на платен промет со 54.56%,
- Трошоци за надоместок за користење вода од МХЕ Добреноец со 94,96%, и
- Надоместок од 0,049% МХЕ од приходот кон РКЕ со 91,08%.

Отстапувањата во однос на идеално планираната граница за реализација на одредени трошоци и нивно зголемување е регистрирано на следните расходни позиции по ставки како што се: потрошени суровини и материјали со 119,80%, трошоци за материјали (админ.управа и прод.) со 103,13%, потрошена енергија со 158,69%, отпис на ситен инвентар со 133,02%,поштенски, телефонски услуги и интернет со 116,55%, вкалкулирани плати со 106,58%, премии за осигурување со 100,69%, даноци кои не зависат од резултатот, Членарини и др.трошоци со 187,81%,и останати трошоци од работењето со 132,63 %.

Овие отстапувања се последица на еднократни издатоци кои настануваат во овој период, а се планираат на годишно ниво.

7.Вкупните побарувања заклучно со вториот квартал за 2020 година, изнесуваат 153.738.391,50 денари, од кои поголем дел се побарувања од купувачи по основ продажба на вода и изнесуваат 83.607.353,00 денари и се зголемени за 4,39% во однос на истиот период 2019 година.

ЈП во овој период има и краткорочни побарувања за дадени депозити во Банки, со период на орочување до 6(шест) месеци за 40.000.000,00 денари, и 30.000.000,00 денари за период на орочување до 1(една) година.

8.Вкупните неизмирени обврски заклучно со крајот на наведенот период изнесуваат 843.344,00 денари и тоа: Обврски кон добавувачи со 139.844,00 денари, обврски за придонеси од плати со 5.038,00 денари, обврски по основ на персонален данок со 4.560,00 денари, останати обврски спрема вработените со

81.432,00 денари, обврски за данок на додадена вредност со 571.471,00 денари и обврски за надоместок за УО и НО со 40.999,00 денари.

Обврските за даноци се подмируваат на почетокот на наредниот месец, во рок, како и обврските кон добавувачи.

9.Основна карактеристика за вториот квартал на деловната 2020 година е тоа што остварен негативен финансиски резултат во работењето во износ 3.292.590,00 денари.

Остварениот финансиски резултат од работењето на ЈП во овој квартал е последица на превземените активности на ЈП согласно новонастанатата ситуација во овој период и во согласност со Заклучокот 6 по 59 - та точка од 32- та Седница на Владата на РСМ , одржана на 01.04.2020 година, а исто така и по препорака на Владата на РСМ од 09.06.2020 година со бр.44-4125/1 за мегусебен договор на ЈП со ЈКП каде согласно препораката е извршен отпис на побарувања во износ од 6.210.842,00 денари на обврските од 2019 и 2020 година на ЈКП, и одлагање долг од Спогодбите со ЈКП до 31.12.2020 година.

10.Надзорниот одбор констатира дека јавното претпријатие во овој квартал, навремено ги сервисира тековните обврски кон државата и добавувачите и успешно се справува со извршување на своите обврски кои произлегуваат од дејноста која ја врши.

11.Овој Извештај да се достави до Управниот одбор на ЈП и Владата на Република Македонија.

Врз основа на претходно наведеното Надзорниот одбор за материјално-финансиското работење на ЈП ,,Студенчица,, Кичево, едногласно го дава следното:

МИСЛЕЊЕ

1. Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево за вториот квартал од 2020 година бр.01- 1103/1 од 20.07.2020 година и по истиот ДАВА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Доставено до:
-Влада на РМ
-Управен одбор на ЈП
-Директор на ЈП
-архив

20.07.2020 година
Кичево

Претседател на Надзорен одбор за контрола на
материјално финансиско работење
на ЈП „Студенчица" Кичево

Lirim Fejza